СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

- Здружение на производители на тутун и производи од тутун -
Бр. 32-950/1
14.06.2018 година
С к о п ј е

# МИСЛЕЊЕ ПО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ТУТУН, ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Во врска со Предлогот на законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, објавен на ЕНЕР (Единствен национален електронски регистар на прописи на Република Македонија), членките на Здружението на производители на тутун и производи од тутун, во насока на подобрување на текстот на законот и неговата имлементација во пракса, го даваат следното

## М И С Л Е Њ Е

Направените измени се подржуваат со оглед дека се во насока на усогласување на административните постапки со природниот календар на производството коишто ќе овозможат поефикасна организација на одделните фази, пред се` на процесот на склучување на договорите за нова реколта и завршувањето на откупот на тековната реколта. Исто така, позитивно е прецизирањето на поголем број на поими со соодветни дефиниции.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) воведува посуштинска измена на постоечките практики во тутунопроизводството со укинување на евидентиот лист, коешто е образложено дека има за цел да се подобри и поедностави постапката за пријавување на производство на тутун и да се ослободат тутунопроизводителите од административни трошоци за обезбедување на документот. Во таа насока член 7 од нацрт-законот предвидува склучувањето на договорите да се врши врз основа на податоците во регистарот на земјоделски стопанства што производителот има обврска да ги ажурира. Откупувачот ќе има обврска да го внесе договорот во електронскиот систем за евиденција на тутун и внесените податоци да ги достави до подрачните единици на МЗШВ. Несомнено придобивката за намалување на административните трошоци ќе биде реализирана. Но, законот не предвидува никаков механизам којшто ќе гарантира точност на податоците и навремен и ефикасен увид за откупувачот во евиденцијата во регистарот на земјоделските стопанства. Со тоа откупувачите ќе се најдат во ситуација да набават семенски материјал којшто се обврзани да го издаваат при склучувањето на договорите, без да имаат барем некои предвидливи параметри за планирање. Членките на Здружението сметаат дека овој член треба да се дополни со одредби кои ќе обезбедат соодветна контрола на склучувањето на договорите, а освен намалување на административните трошоци за тутунопроизводителите ќе ги земе во предвид и потребите на откупувачите и нивна заштита од ризик на инвестирање во средства за количини кои нема да можат да се реализираат.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

Прекршочните одредби се проширени со додавање на голем број прекршоци без најавеното намалување на глобите. Глобите се утврдени без да се води сметка за тоа дали се сразмерни со штетата што прекршокот би ја предизвикал. Такви примери има повеќе, а овде се издвојуваат неколку:

- Глоба од 20.000 евра доколку откупувачот не обезбеди финасиски документ за обезбедени средства за целокупната договорена количина на тутун од тековната реколта. Документот за обезбедени средства е предмет на инспекциски надзор и при отсуство на таков документ инспекциската служба нема воопшто да дозволи да се отпочне со откуп.
- Глоба од 15.000 евра се пропишува доколку откупувачот не побара мислење за содржината на договорот за производство и откуп на тутун од највисоката асоцијација на здруженија на тутунопроизводители. Висината на глобата е несразмерна со можните штетни последници од ваквиот прекршок тргнувајќи од фактот дека мислењето не е обврзувачко и нема суштинско влијание на откупот на тутунот.

Се укажува на потребата од подетална ревизија на деловите од нацрт-законот кои ги утврдуваат глобите и измена на истите во насока на пореално алоцирање на износот на глобата према очекуваната штета од сторениот прекршок.

**При тоа, членките на Здружението ги даваат и следните конкретни забелешки:**

- **Член 3, точка 47:** „Квалитет на тутун е збир од позитивни физички, хемиски и дегустативни карактеристики. Од физичките карактеристики како поважни се бојата, содржајноста, мирисливоста, инсерција, големината на листовите, тип на тутун, и класа. Од хемиските како поважни се: содржината на никотин, шеќери, полифеноли, белковини, минерални материи. Од дегустативните својства од особена важност се: аромата, вкусот и јачината кои се чуствуваат при пушењето и согорливоста.“

**Забелешка:** Постоечкиот Правилник за мерилата на квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист го дефинира квалитетот и точката 47 треба да прави референца на него.

- **Член 8, став 1 и 2:** „Откупувачот е должен веднаш со склучувањето на договорот од членот 7 став 1 на овој закон, во електронска форма да ги внесе потребните податоци од ставот 5 на овој член за договореното производство на тутун во електронскиот систем од член 10 од овој закон. Податоците од став 1 на овој член откупувачот е должен најдоцна во рок од 5 работни дена по завршувањето на крајниот рок за склучување на договори од членот 14 на овој закон да ги достави до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорна за подрачјето на производството во електронска форма.“

**Забелешка:** 1. Во моментов не е јасно како ќе функционира овој регистар и која е улогата на откупувачите во системот. Не треба да се очекува откупувачите да ги менаџираат правата на земјиштето на

тутунопроизводителите. 2. Дали системот ќе се базира врз Веб или ќе овозможува простап на повеќе корисници истовремено. 3. Парцелите во ИСЕТ системот би требало да се лимитирани само на парцели пријавени од тутунопроизводителите за производство на тутун. 4. Како што е сега уредено потпишувањето на договорот може да настане само по потврдување на парцелите алоцирани во системот.

- **Член 27**: „Правното лице кое се запишува во регистарот на откупувачи на тутун треба да располага со: ...... "
**Забелешка**: Не е јасно дали овие одредби се однесуваат на компании што се регистрираат за првпат, треба да се прецизираат.

- **Член 30, став 2 и член 101**: „Откупувачот по исключок од ставот 1 на овој член може дополнително да пријави откупни пунктови во случаи кога некој од откупувачите не е во можност да го откупи договореното производство согласно овој закон."
**Забелешка**: Треба да се прецизира како ова ќе се спроведува во пракса.

- **Член 30, став 3**: „Откупувачот е должен да отвори откупни пунктови во населени места со договорено производство над 100 тони тутун."
**Забелешка**: Сите населени места со договорено производство над 100 тони тутун не поседуваат инфраструктура за отворање на откупен пункт. Предлагаме да не се менува постоечкиот закон.

- **Член 31**: „Откупувачот е должен пред почетокот на откупот на тутун да обезбеди финансиски документ за обезбедени средства за целокупната договорена количина на тутун од тековната реколта во висина на просечната откупна цена по килограм на ниво на државата од минатите три реколти за соодветните типови на тутун. Со финансискиот документ откупувачот е должен да обезбеди динамика на прилив на средствата за време на откупот на тутунот, односно тоа може да бидат:
- финансиски средства на посебна наменска жиро сметка и изјава од одговорното лице на откупувачот дадена под материјална и кривична одговорност заверена кај нотар дека целокупната договорена количина на тутун ќе ја исплати на тутунопроизводителите и дека средствата од наменската сметка исклучиво ќе се користат за исплата на договорениот тутун или - финансиски средства наменети исклучиво за откуп на целокупната договорена количина на тутун по основ на договори за кредит од банка со динамика на прилив согласно динамиката на откуп на тутунот и изјава од одговорното лице на откупувачот дадена под материјална и кривична одговорност дека финансиските средства одобрени со договорот за кредит се веродостојни и исклучиво ќе бидат наменети за исплата на откупениот тутун. За обезбедените средства и динамиката на прилив согласно ставот 2 на овој член откупувачот е должен најдоцна пет работни дена пред почетокот на откупот на тутун писмено да ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Доколку откупувачот превзема тутун од производители кои имале претходно склучени договори со откупувач кој е избришан од регистарот на откупувачи на тутун должен е да обезбеди дополнителни финансиски средства согласно ставовите 1 и 2 на овој член за дополнително планираната количина на тутун пред почетокот на откупот на

тутунот. За обезбедените средства согласно ставот 4 на овој член откупувачот е должен најдоцна 3 дена пред почетокот на откупот на тутун писмено или по електронски пат да ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Државниот инспектор за земјоделство врши проверка на обезбеденоста на вкупниот износ на финансиски средства од ставот 1 и 2 на овој член и составува записник за извршената проверка. Податоците од записникот од став 6 на овој член државниот инспектор за земјоделство ги внесува во електронскиот систем од член 10 на овој закон. Откупувачот на тутун средствата од ставот 1 на овој член ги води на посебна сметка за исплата на откупениот тутун, а износот на исплатените средства и износот за исплатените аванси и надоместокот за организирањето и застапувањето на претставникот од највисоката асоцијација на тутунопроизводители ги внесува во електронскиот систем од член 10 на овој закон."

**Забелешка:**. Проблем е изјавата на овластеното лице за кривична, материјална итн. одговорност која се коси со многу закони, а особено со Законот за трговските друштва (член 241). Во никој случај обврските на друштвото не можат и не смеат да преминат на лична сметка на управителот. Истиот може да одговара за незаконито и несовесно работење, но во никој случај не може и не смее однапред да одговара за долговите и обврските на правното лице. Тоа е спротивно на неговата функција, која е одредена во ЗТД. Оперативно не е можно да се спроведе, па затоа се предлага следниот текст:

„Откупувачот е должен пред почетокот на откупот на тутун да обезбеди финансиски документ за обезбедени средства за целокупната договорена количина на тутун со динамика на прилив на средствата за време на откупот на тутунот, по основ на договори за кредити од банка, банкарска гаранција или посебна наменска жиро сметка во кои ќе бидат наведени расположливите финансиски средства согласно динамиката на откуп на тутунот.

За обезбедените средства и динамиката на прилив согласно ставот 1 на овој член откупувачот е должен најдоцна пет работни дена пред почетокот на откупот на тутун писмено да ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Доколку откупувачот превзема тутун од производители кои имале претходно склучени договори со откупувач кој е избришан од регистарот на откупувачи на тутун должен е да обезбеди дополнителни финансиски средства согласно став 1 на овој член за дополнително планираната количина на тутун пред почетокот на откупот на тутунот. За обезбедените средства согласно ставот 3 на овој член откупувачот е должен најдоцна 3 дена пред почетокот на откупот на тутун писмено или по електронски пат да ги извести Државниот инспекторат за земјоделство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.".

- **Член 33, став1, алинеја 7**: „Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на записник од Државен инспекторат за земјоделство со решение го брише запишаниот откупувач од Регистарот од членот 26 на овој закон во следниве случаи: - не врши процена согласно Правилникот за мерила и методи за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун;"

**Забелешка:** Не е јасно кој ќе прави евалуација на процената на тутун согласно Правилникот?

- **Член 34, став 6:** „Доколку поради одредени околности, тутунот не може да се превземе во планираниот рок, истиот се презема во наредните 10 денови."

**Забелешка:** зборовите: „истиот се презема во наредните 10 дена" да се заменат со зборовите: „истиот ќе биде преземен во друг ден."

- **Член 114, став 2 и 3:** „Проценителите на тутун кои се здобиле со лиценца за процена на тутун пред стапување во сила на овој закон се должни да посетуваат обука почнувајќи од датумот на влегување во сила на овој закон, за да бидат вклучени во откупот на необработениот тутун. Проценителите на тутун кои се здобиле со лиценца за процена на тутун пред стапување во сила на овој закон се должни да се пријават во овластената институција од член 48 на овој закон за посета на обука."

**Забелешка:** Не е јасно која е причината за посетување на обука и повторно издавање на лиценцата за процена на тутун?

Претседател
на Здружението на производители на тутун
и производи од тутун,
Мирослав Димитриески с.р.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1